# ВОДИЧ

## ПРАВЕН РЕЖИМ НА СТРАНСКИТЕ ВЛОЖУВАЊА И ПРАВНА ПОЛОЖБА НА СТРАНСКИТЕ ТРГОВЦИ

Во соработка со проектот "Корпоративно управување и Законот за трговските друштва" од **USAID**

Скопје 2005

Подготвил:
**Д-р Милан Недков**

Издавач:
Здружение на правници од стопанството на РМ
Совет за корпоративно управување

Уредувачки одбор:
**Проф. Др. Тито Беличанец**,
редовен професор на Правниот факултет во Скопје
**Самир Латиф**,
сениор правен советник при проектот CG & CL
**Др. Грегори Ф. Масен,**
директор на проектот CG & CL
**Дерил Браун,**
сениор правен советник при проектот CG & CL
**Марија Игнатова Ѓошева,**
правен советник при проектот CG & CL

Тираж:
1000 примероци

Печати:
Алма Печатница

Скопје 2005

1. Национален третман на странските вложувања. - Република Македонија спаѓа во кругот земји коишто немаат посебен закон за странските вложувања. Напуштањето на практиката со еден закон да се регулира материјата на странските вложувања не значи воведување на дерегулација во доменот на странските вложувања, туку прифаќање на еден поприроден и по плаузибилен начин на правна регулација. Денес материјата на странските вложувања се регулира со повеќе, а не со еден закон, во зависност од прашањата кои треба да се регулираат, а се однесуваат на странските вложувања (на пример, статусно-правните прашања на странските вложувања, даноците, царините, како и специфичности во регулацијата на странските вложувања, на пример, во банкарството и осигурувањето). Но, средишно место во регулацијата на странските вложувања има, надвор од секакво сомневање, Законот за трговски друштва. Другите закони во споредба со Законот за трговски друштва имаат комплементарна функција во регулацијата на странските вложувања, бидејки, од една страна, поинаку ги регулираат одделни прашања во споредба со решенијата содржани во Законот за трговски друштва и од друга страна, со нив се регулираат прашања кои не можат да се регулираат со Законот за трговски друштва (даноци, царини, девизно работење).

Напуштањето на концепцијата за оделно регули-рање на режимот на

странските вложувања во Република Македонија е последица на радикализацијата на концептот за национален третман на странските вложувања, концепт кој лапидарно може да се формулира на следниот начин: странските вложувања во Република Македонија имаат во основа во се ист третман како и домашни вложувања. Оваа капитална идеја се разгранува во две посебни идеи. Прво, македонско законодавство во основа не прави разлика меѓу домашните и странските вложувања. Тоа на најасен начин е изразено во став 3 на членот 30 во Законот за трговските друштва, кој гласи: Странско лице може да стекнува удел и акции на начинот и под условите предвидени за државјаните на Република Македонија и за правните лица запишани во трговскиот регистар на територијата на Република Македонија, освен ако со закон не е поинаку определено. Потоа, друштвата со домашни и странски вложувања се речиси потполно изедначени во поглед на правната положба и работењето. Во став 4 на членот 30 од Законот за трговските друштва е накусно пропишано: Трговското друштво со странско учество ги има сите права и обврски како и трговското друштво без странско учество, освен во случаите определени со закон. Едноставно, македонското законодавство и едните и другите друштва ги смета за домашни, македонски друштва.

Националниот третман на странските вложувања по дефиниција исклучува било какви ограничувања во поглед на вложувањата на странските лица во

Република Македонија. Тоа го чинат очигледно следните серии на факти. Странските лица можат во принцип да вложуваат во сите сектори на стопанството на Република Македонија, отстапувањата од овој принцип мора да бидат посебно пропишани со закон. Поновото македонско законодавство оваа можност речиси и не ја користи. Всушност, ограничувања на принципот на слободен пристап на странските вложувачи кон сите сектори на македонското стопанство се посебно уредени во секторот на стопанските дејсности од јавен интерес. Имено, Законот за јавните претпријатија утврди дека во секторот на овие стопанските дејности се образуваат јавни претпријатија, а не трговски друштва. Со самиот факт на основа на јавно претпријатие исклучена е можноста за странски вложувања. Додуше всушност, останува можноста преку механизмот на концесионирано вршење на стопанските дејности од јавен интерес странските лица да навлезат и во вршењето на овие дејности. Но, во моментот кога јавното претпријатие ќе се трансформира во трговско друштво, што е веќе доминантна тенденција во современото македонскот законодавство, создадени се условите за слободен пристап на странските лица во организацијата и вршењето на стопанските dejnosti од јавен интерес.

На крај, учеството на странското лице во новоосновано и постојно трговско друштво не е ограничено. Тоа како принцип е

пропишано во став 3 на членот 30 од Законот за трговските друштва.

2. Лица кои можат да стекнат статус на странски вложувач во Република Македонија. - Законот за трговските друштва тргнува од идејата дека под капата на терминот странски вложувач треба да се стават сите странски лица, кои вложуваат во домашни трговски друштва и во вршење на трговска дејност (на пример, тајно друштво или стопанска интересна заедница). Третман на странски вложувачи, во смисла на одредбите на Законот за трговски друштва, имаат и две групи на лица: странски правни лица и странски физички лица.

а) Странски правни лица. - Вообичаено се прави дистинкција меѓу две категории на правни лица: (а) правно лице кое има запишано фирма во трговскиот регистар во странство и (б) правно лице кое е запишано во соодветниот регистар на неговата земја. Во првиот случај, т.е. кога е во прашање правно лице кое има запишано фирма во трговскиот регистар во странство, се работи за правно лице кои имаат форма на трговско друштво, додека во вториот случај, т.е. кога правното лице е запишано во регистарот на неговата земја, се работи за лица кои се организирани во друга правна форма, а најчесто во форма на установа или здружение.

б) Странско физичко лице. - Странски физички лица се: (а) лицата кои се странски државјани и (б) лицата кои имаат статус на бегалец или апатрид. Кога се во прашање

бегалците и апатридите стекнувањето на статусот на странско физичко лице мора да биде условен со немањето престој во Република Македонија. Државјанин на Република Македонија, кој има и друго државјанство може да избира дали ќе ја користи положбата на државјанин на Република Македонија или на странско лице.

3. Форми на странско вложување. - Законот за трговските друштва ги има во видно поле двете доминантни форми на странски вложувања: (а) вложување во трговското друштво и (б) стекнување на акции и удели во трговското друштво. За директни странски инвестиции може да се зборува само во случајот на вложување во трговското друштво. Концесијата како форма на странско вложување нашиот правен систем ја познава и е регулирана со Законот за концесии.

а) Вложување во друштвото. - Вложувањето на парични и непарични средства од една страна на странско лице во друштвото е бездруго примарна и по правило најпосакувана форма на странско вложување во домашно друштво.

Треба да се направи дистинкција меѓу две форми на вложување во домашно друштво: вложување врз корпоративна основа и вложување врз договорна основа.

Вложување врз корпоративна основа е процедура на вложување низ која се создава нов правен субјект во една од формите на трговски друштва и други форми на трговското право предвидени со Законот за

трговските друштва или, пак, само се зголемува "капиталот" на постојното трговско друштво. Во таа смисла, вложувањето врз корпоративна основа се врши во текот на (а) постапката за основањето на друштвото или на (б) постапката за зголемување на основната главнина на веќе основаното (постојното) друштво. И друштвото што се создава со влог на странско лице се создава според правилата за создавање на трговските друштва пропишани со Законот за трговски друштва. Друштвото со странско учество може да биде во целосна или парциелна "сопственост" на странското лице односно на странските лица. Во случај на парциелна сопственост во основањето на друштвото учествуваат странско и домашно лице, односно лица. Разбирливо, Законот за трговски друштва не пропишува колкаво треба да биде, односно може да биде најмалото, односно најголемото учество на странското лице во домашното друштво. Во ставот 3 на членот 30 од Законот за трговски друштва е едноставно утврдено: Учеството на странско лице во новоосновани и постојано трговско друштво не е ограчничено, освен ако со друг закон не е поинаку определно. Доминира слободата на договарање меѓу домашното и странско лице.

Вложување врз договорна основа е процедура на вложување на парични и непарични средства од страна на странско лице во постојно друштво при што странското лице не го стекнува својството на содружник, односно, акционер во друштвото. Во ваков

случај странскиот вложувач има интерес да учествува во распределба на добивката што се остварува врз основа на деловниот потфат што се изведува врз основа на договорот склучен меѓу домашното и странското лице. Разбирливо, сопственичката структура во друштвото со вложување врз договорна основа, воопшто не се менува. Во принцип, странскиот вложувач не стекнува никакви управувачки права во друштвото во кое вложува; по исклучок со договорот за вложување може да се стимулира правото на странскиот вложувач да дава согласност за донесувањето на определни одлуки од значење за изведувањето на заедничниот деловен потфат.

б) Стекнувањето на удели и акции. - Во прашање се разновидни процедури за стекнување на удели и акции што ги држат постојните содружници и акционери на друштвото. Во овој случај, нема нови инвестиции во постојното друштво, односно не влегува нов капитал во постојното друштво. Едноставно, постојното друштво ги менува сопствениците на уделите и акциите. Слични ефекти како во традиционалното стекнување на удели и акции има и спојувањето, односно припојувањето со тоа што едно странско лице е субјект на спојувањето, односно на припојувањето. Крајниот ефект и во овој случај е во тоа што странско лице стекнува удел односно акции во домашно друштво.

Конечно треба да се спомене и концесијата. Имено, концесијата овозможува

пристап на странско лице кон користењето на определно добро од општ интерес за Република Македонија, односно стекнува можност за вршење на дејност или работа во врска со користењето на добро од општ интерес за Република Македонија. Во став 1 на членот 7 од Законот за концесија е пропишано дека концесионери можат да бидат и странските правни лица со подружница запишана во трговскиот регистар на Република Македонија.

Ако во постапката за доделување на концесија учествува странско лице или конзорциум, со јавниот повик може да се предвиди како услов за склучување на концесиски договор да основаат друштво согласно на Законот за трговски друштва. На крај, само да се потсети дека стекнување на правото на концесија секогаш е почеток на започнување на определена трговска дејност во врска со определено добро од општ интерес за Република Македонија. Од тие причини сосема е разбирливо тоа што концесијата се врстува во кругот на посебните форми на странски вложувања во Република Македонија.

4. Правни гаранции и повластици за странските вложувања. - Суштествен елемент во создавањето на таканаречената инвестициона клима се правните гаранции што определена држава им ги дава на странските вложувачи. Секако основна гаранција е гаранцијата на правото на сопственост, што во Уставот на Република

Македонија е утврдена во членот 30, а особено одредбата содржана во ставот 3 која гласи: Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Деривати на оваа основна гаранција се посебните права што им ги гарантира Уставот на Република Македонија, а се утврдени во неговиот член 59. Тие права се следниве: (а) на странските вложувачи им се гарантира правото на слободно изнесување на вложениот капитал и на добивката и (б) правата на странските вложувачи стекнати врз основа на вложениот капитал не можат да се намалуваат со закон или друг попис.

а) Во Законот за трговските друштва (став 1 на членот 31) е пропишано дека делот од добивката на трговското друштво што му припаѓа на странско лице, односно износот во случај на делумно или целосно оттуѓување на уделот или акциите на странско лице може, по налог на странско лице, слободно, без дозвола, да се дозначи во странство во валутата на вложувањето ако друштвото располага со парично покритие, под услови определени со закон. Покрај правото на трансфер на добивката, односно средствата добиени од продажбата на уделите или акциите, странското лице има право и на репатријација на вложеното во друштвото. Имено, ако се спроведе стечај или ликвидација на трговското друштво, по завршувањето на стечајната односно ликвидациона постапка, странското лице има

право да си го врати назад внесениот непаричен долг под услови определени со закон.

б) Правата на странските вложувачи се утврдени со Уставот на Република Македонија, како и со закон. Под права на конкретен странски вложувач се подразбираат правата утврдени со договорот за вложување, договорот за основање на трговско друштво, концесискиот договор или договорот за купување на удел или акции. Значајно: ако по стекнувањето на статус на странски вложувач од страна на на странско лице се измени законот врз основа на кој е склучен договорот, врз односите утврдени со тој договор, се применуваат одредбите на договорот или актот за основање на друштвото, ако е тоа поповолно за странскиот вложувач.

Привилегиите и посебните погодности за вложување и стопанисување на странските лица се определуваат со закон. Со договорот склучен со странското лице тие привилегии и погодности може само да се конкретизираат во согласност со законот.

5. <u>Домашно и странско друштво</u>. - Класичната класификација на друштвата го занемарува критериумот националност на трговското друштво, а кога тој критериум ќе се примени, друштвата коишто дејствуваат на економскиот простор на Република Македонија можат да се поделат на домашни и странски друштва. Ноторен факт: сите друштва правно се поврзани за определна држава, за да се изрази таа врска вообичаено

се зборува за "националност" на друштвото, како што се зборува за националност на физичкото лице.

Утврдувањето на "националноста" на друштвото е неопходно од повеќе причини. Во оваа пригода треба посебно да бидат маркирани две причини.

Прво, утврдување на националноста на друштвото за да се знае кој закон ќе се примени на друштвото во поглед на дефинирањето на неговиот статус, но и правилата за неговото работење.

Второ, утврдувањето на "националноста" на друштвото е потребна за да се определни способноста на друштвото што е врзано за странска држава да ужива права што им се признати на домашните друштва.

Круцијално значење има прашањето за критериумите врз основа на кои ќе се утврди "националноста" на едно трговско друштво, т.е. дали едно друштво е домашно или странско. Најчесто се користат четири критериуми за врзување на едно друштво за определена држава.

а) Првиот критериум е центарот на експлоатација, т.е. местото каде што се врши трговската дејност што е утврдена како предмет на работење. Овој критериум создава тешкотии кои многу често не можат едноставно да се разрешат, особено кога своите дејсности друштвото ги врши на повеќе места.

б) Вториот критериум е седиштето на друштвото, било да се во прашање

декларираното или вистинското седиште на друштвото. Овој критериум се смета за најсигурен во поглед на определување на "националноста" на друштвото.

в) Третиот критериум е контролата над друштвото, кој води сметка само за националноста на лицата кои во него вложиле средства и лицата кои со него управуваат.

г) Четвртиот критериум е "инкорпорацијата на друштвото", т.е. неговото создавање како стопанско-финансиски и правен субјект. Според овој критериум, доминантен во англосаксонското правно подрачје, врзувањето на определено друштво за определена држава се вр{и врз основа на законот според кој е создадено / основано и каде било запишано во регистарот со цел да се стекне правен субјективитет, дури и кога неговото седиште е ситуирано во друга земја.

Два од овие критериуми се доминантни при утврдувањето на националноста на друштвото, оној за седиштето и оној за инкорпорацијата на друштвото. Седиштето како критериум за утврдување на националноста на друштвото доминира во правните системи на земјите од континентална Европа, додека инкорпорацијата на друштвото како критериум доминира во англосаксонските земји, а го применува Холандија, а во поново време и Хрватска.

6. <u>Странското друштво и неговата правна положба во Република Македонија</u>. - Секако основно прашање е: врз основа на кој

критериум да се утврди правната положба на странското друштво. Наједноставен и воедно најсигурен критериум е без секакво сомневање формалното седиште на друштвото. Под формално седиште на друштвото се подведува она седиште кое е утврдено од страна на содружниците односно акционерите во договорот за друштвото, односно статутот, но соглед на тоа што по правило формалното седиште мора да биде запишано во трговскиот регистар формалното седиште е истоветно со регистрираното седиште на друштвото дека ниту еден друг критериум за утврдување на припадноста на друштвото кон определена држава не создава така јасна ситуација, ситуација која може да предизвика најмалку спорови како што е случај со седиштето на друштвото. Токму заради тоа овој критериум е прифатен во Законот за трговските друштва како критериум за утврдување на положбата на друштвото како домашно односно странско друштво. Тоа е пропишано во став 1 на член 580 од Законот за трговските друштва дека трговското друштво чиешто седиште, со договорот за друштвото односно статутот, е определено место надвор од Република Македонија, во смисла на овој закон има припадност на државата во којашто му е седиштето. Оваа норма, меѓутоа, не може без соодветен коректив, бидејќи овозможува изигрување на законот. Затоа, во став 2 на членот 580 од Законот за трговските друштва е пропишано: кога седиштето на друштвото не се наоѓа во Република Македонија, друштвото се смета за

домашно кога со него се управува од место во Република Македонија или кога тоа се занимава со вршење на трговска дејност што целосно или во поголем дел се остварува во Република Македонија. Кон ова треба да се додаде и одредбата содржана во став 3 од истиот член на законот и гласи: Трговско друштво, чиешто седиште не е определено со договорот за друштвото односно со статутот, има припадност на државата во којашто се наоѓа местото од кое вистински се управува со него.

Првото прашање од значење за правната положба на странското друштво е прашањето за правниот субјективитет на странското друштво. Помеѓу персоналното и територијалното начело нашиот Закон за трговски друштва се определи за персоналното начело. Во прашање е класичен пристап кон обезбедување единствен правен статус на друштвото, како дома така и во странство. Тој пристап е утврден во членот 583 од законот. Во став 1 на овој член на законот е пропишано дека правната и деловна способност (правниот субјективитет) на странското друштво се цени според законите на државата на којашто друштвото и припаѓа, со тоа што деловната способност не може да биде поголема, а одговорноста не може да биде помала од онаа која што домашните прописи им ја признаваат, односно им ја наложуваат на домашните друштва од иста или слична форма и предмет на работење, ниту странското друштво може, во поглед на правните работи што ги склучило или што

мора да ги извршува Република Македонија, да се повикува на својата неспособност ако на неа не може да се повикува ниту домашното друштво од иста или сродна форма и предмет на работење.

Работа на странското друштво е да го докажува своето правно постоење и обемот на својата правна способност. Имено, според одредбата од став 2 на членот 585 од Законот за трговските друштва правното постоење и обемот на својата правна способност во случај на сомневање или оспорување го докажува странското друштво.

Територијалното начело, пак, се применува во поглед на начинот и обемот на работењето, како и во поглед на стекнувањето на права од страна на странското друштво во Република Македонија. Начелен карактер, при тоа, има одредбата од став 1 на членот 581 од Законот за трговски друштва, според која странските друштва и странските трговци поединци работат според условите определени со закон и во работењето се изедначени на територијата на Република Македонија со домашните физички и правни лица, освен ако со меѓународен договор или со закон за одделни видови друштва и за странските трговци поединци со определен предмет на работење не е поинаку определено. Од таа одредба може да се изведе многу релевантен заклучок: работењето на странското друштво на територијата на Република Македонија е слободно, што всушност значи дека странските друштва во принцип за своето

работење на територијата на Република Македонија не треба да добијат дозвола од надлежните органи. Овде станува збор пред се за преземање на одделни дејствија или склучување на договори во рамките на предметот на работење на странското друштво, при што станува збор за еднократни работи коишто се временски ограничени и коишто имаат еднакви ефекти како и работите кои што ги склучуваат домашните трговци. Овој вид работење на странско друштво и не може да се забрани, бидејки, во колку тоа го бараат стопанските околности и потреби, сепак би се вршело ако не непосредно од странското лице, тогаш посредно преку комисионер или на друг сличен начин.

Македонскиот Закон за трговски друштва не пропишува дека странските друштва на територијата на Република Македонија работат брз начелото на реципроцитет, како што е случај со респектигниот закон во Република Хрватска.

Странското друштво на територијата на Република Македонија, согласно одредбата на членот 585 од Законот на трговските друштва може да организира (а) подружници и (б) претставници како свои организациони единици. Но, странското друштво има право и на друг начин да врши определени и да презема обврски, да остварува право на пристап пред судовите и другите органите на Република Македонија под условите определени со закон. Значи, не треба воопшто да биде спорно дека странското друштво и во случај на основање

на подружници и претставништва на територијата на Република Македонија може да врши одделни дејства и склучува правни работи непосредно и без посредување на своите организациони единици.

7. Подружница на странското друштво. - Во став 2 на членот 581 од Законот за трговските друштва е статуирана една тврда и на прв поглед необична одредба која гласи: Странските друштва и странските трговци - поединци не можат да вршат дејност на територијата на Република Македонија се додека не организираат подружница. Треба да се оцени како сосема исправна ориентација на македонскиот законодавец да создаде можност странските трговци (друштвата и трговците - поединци) да можат да основаат подружници заради вршење на својата дејност и на територијата на Република Македонија. Во иднина, странското друштво ќе може да врши дел од дејностите што го сочинуваат неговиот предмет на работење подружницата, која сепак е само дел од странското друштво како правно лице.

Законот за трговските друштва не ја дефинира, ниту поблиску ја определува правната положба на подружницата на странскиот трговец. Тоа на некој начин е и сосема разбирливо, бидејќи нејзината положба во се е истоветна со таа на подружницата на домашното друштво. Имено, и подружницата на странско друштво е во суштина само дел од странското друштво како правно лице, кој е географски одвоен од

седиштето на странското друштво. За подружницата е карактеристична релативната трајност и континуираност на вршењето на трговската дејност. Секако не може да стане збор за основање на подружница, ако странското друштво повремено органзира простор, во кој ќе врши определени работи, чие вршење временски е ограничено. Подружницата и на странското друштво нема својтство на правно лице.

Странското друштво преку подружницата на територијата на Република Македонија врши дел од дејностите што го сочинуваат неговиот предмет на работење, кој е регистриран во земјата во која е седиштето на странското друштво. За обемот, на~инот и формите на вршење на дејноста на подружницата решава органот на странското друштво со актот за организирање на подружницата. Кон ова треба да се додаде и одредбата од став 1 на членот 586 од Законот за трговски друштва според која странското друштво има право, преку својата подружница, да ги врши, според формата и предметот на работење, сите работи, да стекнува и да презема обврски, право на пристап пред судовите и другите органи на Република Македонија под истите услови како и домашните друштва од иста или сродна форма и предмет на работење, освен ако со закон не е поинаку определено.

Предвид треба да се имаат и следните белези на работењето на подружницата на странското друштво на територијата на Република Македонија:

1. Подружницата настапува во името и за сметка на странското друштво при што мора да ја употребува фирмата и неговото седиште, како и името на подружницата;
2. За обврските настанати со работењето на подружницата странското друштво одговара со целиот свој имот;
3. За секоја подружница странското друштво назначува еден или повеќе застапници, кои во поглед на таа подружница го застапуваат неговото работење во Република Македонија. Странското друштво може истите застапници да ги назначи и за повеќе подружници;
4. Странското друштво е должно за своето работење преку подружницата да води трговски книги;
5. Подружницата на странско друштво одговара за штетата под услови и на начин на којшто согласно одредбите на Законот за трговските друштва одговараат и домашните друштва според нивната форма.

Странското друштво може да основа подружница во Република Македонија само ако е запишано во регистерот на државата во која има седиште. Подружницата се основа со одлука на странското друштво. Странското друштво може да организира повеќе подружници, а странскиот трговец - поединец може да организира само една подружница. Ако странското друштво во Република Македонија организира повеќе подружници мора една од нив да ја означи како подружница, која во поглед на работењето во Република Македонија ќе се смета за главна подружница (македонска централа). Другите подружници коишто ги организира странското друштво се сметаат како подружници на главната подружница. Во фирмата на подружницата се назначува која подружница е главна и се наведува редниот број на другите подружници според нивниот редослед.

Подружницата се запишува во трговскиот регистар според седиштето на подружницата. Пријавата за упис ја поднесува странското друштво кое ја организирало подружницата. Кон пријавата се приложува:

а) извод од регистарот во кој е запишано странското друштво што ја организирало подружницата, од којшто се гледа содржината и датумот на уписот;

б) препис од договорот за друштвото, односно статутот;

в) список на лицата на кои им е доверено застапувањето на друштвото во Република Македонија, со назначување на

нивното име и презиме, занимање, престојувалиште и државјанство;

г) одлука на надлежниот орган на странското друштво за организирање на подружницата;

д) извештај за бонитетот на странското друштво, издаден од надлежен државен орган или овластен ревизор, според прописите на државата на којашто и припаѓа странското друштво;

ѓ) опис на дејностите и работите што ќе ги врши подружницата, и;

е) ако со закон, е определено доставување дозвола, одобрение или друг акт, со пријавата се приложува и тој доказ.

Уписот на организирањето на подружницата во трговскиот регистар има конститутивно значење: подружницата се смета за организирана од денот на уписот на организирањето во трговскиот регистар. Во тој кадар треба да се интерпретира одредбата во став 3 од членот 587 од Законот за трговските друштва која гласи: Пред уписот на подружницата во трговскиот регистар, лицето што ја донело одлуката за организирање на подружницата во Република Македонија, не смее да работи преку подружницата.

Подружницата на странското друштво престанува (а) кога ќе престане странското друштво или (б) кога ќе истече времето на коешто е организирана. Но, подружницата на странско друштво може да престане и врз основа на одлука на судот. Имено, судот, на предлог на лице кое има правен интерес,

може да одлучи подружницата да престане и ако:

а) утврди дека странското друштво во државата во којашто и припаѓа од било кои причини престанало или му било забрането вршењето на предметот работење што го врши во Република Македонија или на подружницата и е забрането да ја врши дејноста од надлежен орган на Република Македонија;

б) странското друштво, за три месеци од повикот на судот не постави застапници на подружницата според прописите, според статутот или според договорот за друштвото или според дозволата;

в) странското друштво требало да вложи средства, но не ги вложило или се повлекло во целост или делумно од вложувањето;

г) доверителот докаже дека своето побарување, коешто призлегува од работењето на странското друштво што ја организирало подружницата во Република Македонија, не може да се наплати.

Ако престане главната подружница во Република Македонија, а продолжуваат со работа другите подружници, странското друштво определува нова главна подружница и ја пријавува за упис во трговскиот регистар.

Над подружницата што престанала се спроведува ликвидација. Ако друштвото не постави ликвидатори, ликвидацијата на подружницата ја спроведуваат застапниците. Доверителите кои имаат побарувања спрема

странското друштво од нивното работење преку подружницата што престанала, во ликвидацијата имаат предност во намирувањето пред другите доверители. Ликвидацијата на подружницата на странското друштво не мора да се спроведе ако подружницата со сиот имот во Републиката за шест месеци по престанувањето на странското друштво се преобрази во трговско друштво со форма определена со Законот за трговски друштва и со седиште во Република Македонија. Со оваа одредба се овозможува одржување на постоечки стопански субјект во Република Македонија. Се разбира дека тоа не може да се направи без волјата и соработката на странското друштво и при тоа треба да се предвидат извесни мерки на заштита против злоупотребата која може да им наштети на домашните доверители.

8. <u>Претставништво на странското друштво</u>. - Странското друштво може во Република Македонија, покрај подружница, да организира и претставништво. Подружницата и претставништвото се двете организациони единици што странското друштво може да се ги организира на тероторијата на Република Македонија. Претставништвото може да организира странско друштво коешто според националното законодавство има право да врши трговска дејност. Но, за разлика од подружницата, странското трговско друштво преку претставништвото не може да врши трговска дејност. Преку претставништвото

странското друштво може само да врши истражувања на пазарот, рекламни и информативни работи и преку нив да се претстави во Република Македонија.

Организирањето на преставништвото не се запишува во трговскиот регистар, туку во регистарот што го води надлежното министерство, во овој случај е Министертсвото за економија. Поблиските услови за начинот, постапката и органот кај што се врши уписот на преставништвото ги пропишува Владата на Република Македонија.

Овој водич претставува дел од серијалот на публикации за новиот Закон за трговски друштва подготвен од Здружението на правници од стопанството на РМ и Советот за корпоративно управување во соработка со **USAID** Проектот за корпоративно управување и Закон за трговски друштва. Овие брошури и избрана литература може да ги најдете на www.maccorpgov.com.mk i www.mbla.org.mk.

Јазична поддршка од **USAID** Проектот за корпоративно управување и Закон за трговски друштва:

Весна Миркоска, Главен лектор
Марија Стојановска

Содржината на оваа публикација не се смета како
обезбедување на правен совет. Читателите на
оваа публикација се должни да обезбедат правен
совет од нивниот правник. Оваа публикација е
само за едукативни и информативни цели. Секоја
употреба на содржината од оваа публикација е на
ризик на корисникот. Проектот за Корпоративно
управување и Законот за трговски друштва нема
да се смета за одговорен при употребата и
толкувањето на овој текст.